# ХРОНИКИ И СООПШТЕНИЈА

## ДЕВЕТТИ ЈУГОСЛОВЕНСКИ СИМПОЗИУМ ЗА НАСТАВАТА ПО ИСТОРИЈА

Од 27 до 29 август 1982 година во организација на Постојаната комисија за наставата по истори ја при Сојузот на друштвата на историчарите на Југославија, а под покровителство на Претседателството на СЗБ на НОВ на Југославија, во Нови Сад се одржа Деветтиот југословенски симпозиум за наставата по историја. Друштвото на историчарите на Војводина беше домаќин два пати, на првиот симпозиум во 1972 и на овој во 1982 година.

На симпозиумот беа разработени три значајни теми: првата беше посветена на 90-годишнината од раѓањето на Јосип Броз Тито и можностите за користење на неговите дела во наставата по историја, по втората тема се расправаше за прилагодувањето на наставата по историја на факултетите на новата положба на наставата по историја во основното и средното образование и воспитание и третата за прилагоденоста на наставата по историја (наставните планови и програми, учебниците и прирачниците) на психофизичките способности на учениците во основното и средното образование.

Учесниците на симпозиумот трите дена работеа на пленарни седници во новата зграда на Филозофскиот факултет. На Симпозиумот беа присутни околу 200 учесници-професори и наставници по историја во основните училишта, од педагошките академии и факултетите како и научни работници од републиките и покраините. Од нашата република на Симпозиумот учествуваа дваесет наставници и професори.

Симпозиумото го поздрави Лазар Зрниќ, претседател на Друштвото на историчарите на Војводина кој го истакна неговото значење за наставата по историја како и значењето на наставата по историја во идејното воспитување на младата генерација. Од името на покровителот Симпозиумот го поздрави и генералот Рудолф Јонтовиќ, претседател на РО на СЗБ од НОВ на Војводина нагласувајки го интересот на СЗБ од НОВ за унапредувањето на наставата по историја посебно развивањето на историската свест и револуционерните традиции од НОВ и Револуцијата.

Уводен реферат за историското дело на Јосип Броз Тито под-

18*

несе Срета Стаиќ, секретар на Покраинскиот комитет на СКЈ на Војводина. Тој ја истакна улогата на Јосип Броз Тито во борбата на нашите народи и народности во НОВ и во животот на повоениот период во изградбата на нашето социјалистичко самоуправно општество. Стаиќ нагласи дека Титовото дело е трајна инспирација и обврска на младата генерација. Посебно го истакна творечкиот однос на Тито кон револуционерното дело и унапредувањето на социјалистичките самоуправни односи, залагањето за развивањето на нашата федерација, за братството и единството на чии темели треба да се заснова педагошката активност во која посебна улога имаат наставниците и наставата по историја.

На темата Тито и неговото дело во наставта по историја реферат поднесе д-р Ѓерѓ Гал од Нови Сад. Тој истакна повеќе пораки кои Тито ги даваше на младината, пораки за наставата, југословенството, братството и единството на нашите народи и народности и толкувањето на нивното историско минато. Гал се задржа и на Титовите мисли за историјата и за методите на историското истражување, за неговите ставови по националното прашање при што нагласи: „... Тито добро ја познаваше нашата и светската историја и историјата на работничкото движење. Беше не само творец на историјата, туку и нејзин страсен, упорен ангажиран толкувач, чии трудови од историјата на работничкото движење, историјата на КПЈ и историјата на НОВ се неопходни извори на сознанија за нашата и општата историја на работничкото движење, а пред сѐ за историјата на НОВ „... понатаму Гал истакна“ ... „Кога го отвораме прашањето за користење на Титовото дело во настава та по историја и во воспитнообразовната работа воопшто, мораме секогаш да ја имаме предвид неодложната обврска да не го изневериме Титовиот творечки метод и дух, кој целиот беше насобран со борба против култот на личноста и антидогматски методи во работа. Се бореше против канонизирање на марксизмот, бараше самостојна примена на марксистичкиот метод, нови патишта во изградбата на социјализмот и односите меѓу државите, пак логично е да кон неговиот голем опус не му придодаваме канонизирајќи го ...“

На втората тема за прилагоденоста на наставата по историја на факултетите на новата положба на наставта по историја во основното и средното образование реферат поднесе д-р Воје Игнациј, професор на Филозофскиот факултет во Љубљана. Тој ги истакна промените во наставните планови и програми по историја во основното и средното образование како и поставеноста и промените на студиумот по историја на Филозофскиот факултет во Љубљана. Кореферати на оваа тема поднесоа д-р Војо Кушевски, професор на Филозофскиот факултет во Скопје, д-р Лазар Ракиħ, професор на Филозофскиот факултет во Нови Сад, д-р Ѓорѓе Кнежевиќ и м-р Милутин Перовиќ од Белград како и Љубо Каргачин од Загреб. Сите тие ја

прикажаа положбата во наставата по историја на факултетите во Скопје, Нови Сад, Белград и Загреб и нивната усогласеност и прилагоденост на основното и средното образование и воспитание. Се констатира дека постои големо шаренило во наставните планови и програми на групите по историја на филозофските факултети како по бројот на часовите, така и по бројот на предметите што се слушаат, времетраењето и општо во целиот режим на студии, од што се налага потребата за поголема соработка и усогласување на студиите по историја на ниво на Југославија.

По третата тема за прилагоденоста на наставата по историја на психофизичките способности на учениците во основното и средното образование беа поднесени повеќе реферати: Благота Драшковиќ од Загреб (за петто одделение) во основното образование, Надежда Милосавлевиќ од Белград (за шесто одделение), Милорад Кесиќ од Сомбор (за седмо одделение), Иван Манески од Скопје (за осмо одделение), Прденка Турк од Љубљана (за први клас) и Миомир Дашиќ од Никшиќ (за втори клас на заедничките основи).

Прилогоденоста на наставата по историја беше прикажана низ анализи, бројни показатели и констатации до кои дошле референтите или стручните институции во кои работат. За петто одделение беа опфатени повеќе прашања: проблемот на восприемањето на историјата кај 11-годишна возраст, прилагоденоста на историјата односно наставната програма на оваа возраст, учебникот по историја со целокупната негова апаратура, како и резултатите од вреднувањето на учебникот. Констатациите беа дека тој е прилагоден на психофизичките способности на учениците, позитивно е оценет во СР Хрватска и преземен е за печатење во СР Црна Гора и САП Војводина.

За проблематиката во шесто одделение Надежда Милосавлевиќ ги изнесе актуелните прашања низ нејзиното согледување како практичар, истакнувајќи го при тоа прашањето што учениците полесно и тешко сфаќаат од програмските содржини и учебничкиот материјал и каков е интересот за: одделни теми, општества, класи, време, причинско-последични врски, хронологијата и сл. Таа даде доста забелешки на учебникот и историската читанка за шесто одделение кои се употребуваат во СР Србија и предложи истите да се преработат.

Милорад Кесиќ даде општ преглед и оценка на проблемот во седмо одделение истакнувајќи доста пропусти во досегашната практика: дека учениците слабо ја познаваат историјата на народите од Азија и Африка, дека имаме строг европоцентризам, дека е запоставена сè уште културната историја, дека за Ромите ништо не се учи, итн.

Иван Манески се задржа на двете наставни програми по историја за осмо одделение (постојната и новата) како и на учебникот за осмо одделение. Тој истакна некои карактеристики од стручен и дидактички аспект како за наставните програми така и за учебникот критикувајќи некои аспек-

ти на наставната програма за осмо одделение и учебникот по историја.

Првенка Турк на прилагоденоста на наставата по историја во први клас и пријде од еден друг аспект поврзувајќи ја таа проблематика со условите за работа во училиштата, барањата на наставниците, поставеноста на наставата по историја во основното и средното образование итн.

Миомир Дашиќ зборуваше за учебничката литература во втори клас на заедничките основи истакнувајќи го како најзначаен проблем прашањето што историјата како задолжителен предмет се смета од 18 и 19-годишна возраст (III и IV клас) на 16 и 17-годишна возраст (I и II клас) каде не може ефикасно да се обработи и сфати и да се развие историското мислење на потребното ниво.

По поднесените реферати се водеше плодна дискусија што се однесуваше на трите основни теми преку која се дадоа вредни предлози, сугестии и мислења за решавање на проблемите во воспитнообразовната работа по историја во системот на основното и средното образование како и на студиумот по историја на факултетите. Еве некои од констатациите кои претставуваат и заклучоци на Симпозиумот за наставата по историја: Направени се позитивни чекори за воедначувањето на наставните планови и програми по историја на ниво на Југославија, во издавањето на квалитетна учебничка литература, осовременувањето на наставата по историја и слично. Како тешкотии и проблеми во наставата по историја покрај спомнатите беа истакнати и овие: се отстапува од договорот на југословенско ниво во врска со наставните планови и програми и планирањето на програмските содржини; наставата по историја е сместена на помала ученичка возраст; во многу учебници преовладува фактографијата за сметка на причинско-последичните врски и односи на историските наставни средства за наставата по историја; не се реализирани заклучоците на седмиот конгрес на историчарите на Југославија во врска со третманот на предметот историја; намалениот фонд на часови по историја; невоедначеност на студиите по историја на филозофските факултети итн.

Симпозиумот донесе заклучок предлозите да се презентираат до Претседателството на Сојузот на историчарите на Југославија и да се актуализираат на VIII конгрес на историчарите на Југославија.

Учесниците на Симпозиумот првиот и вториот ден ги посетија: Историскиот музеј на Војводина, Музејот на социјалистичката револуција, Галеријата на Матица Српска, Спомен-збирката на Павле Белјански и Галеријата на современата ликовна уметност во Нови Сад. Третиот ден беше изведена научно-стручна екскурзија до Петроварадинската тврдина, Сремски Карловци, Фрушка Гора задржувајќи се кај споменикот на борците од НОВ на Ирошки венец и Летенка каде се изведуваше младинска работна акција и се одржа историски час.

Завршен збор на Симпозиумот даде потпретседателот на Комисијата за наставата по историја

д-р Милутин Перовиќ истакнувајќи го значењето на досегашните симпозиуми за унапредувањето на наставата по историја.

На крајот југословенската комисија за наставата по историја одржа состанок и изврши анали за на работата. Се заклучи X симпозиум да се одржи во рамките на VIII конгрес на историчарите на Југославија.

За да станат достапни на сите историчари, материјалите од Сим позиумот ќе се отпечатат, како и досега, во списанието „Настава по историја" бр. 1 и 2 од 1983 година.

Наум ДИМОВСКИ

## СОВЕТУВАЊЕ ЗА НАСТАВАТА ПО ИСТОРИЈА ВО ТЕТОВО

Во соработка со Заводот за унапредување на претшколското и основното образование и воспитување на општина Тетово и Друштвото на историчарите на општина Тетово, на 18. XII 1982 година во Тетово се одржа советување со членовите на Друштвото на историчарите. На советувањето присуствуваа сите настав ници по историја во основните училишта и во училиштата од насоченото образование. За член ството на друштвото беа разработени следните теми:

— Заедништвото кај југословенските народи како воспитна компонента во наставата по историја-предавач проф. д-р Војо Кушевски;

— Современото работничко и комунистичко движење во светот -предавач м-р Никола Чинго и

— Новата наставна програма по историја и нејзината реализација-предавач Наум Димовски.

Предавањата побудија особен интерес кај слушателите. По секое предавање се разви широка дискусија за одредени прашања и проблеми со кои секој наставник се среќава во практиката.

Особено со големо внимание беше проследено предавањето на тема: Современото работничко и комунистичко движење во светот.

По завршувањето на советувањето сите присутни го изразија мислењето дека ваквите средби се особено корисни пред сè заради фактот дека просветните работници на нив наоѓаат одговор на редица прашања со кои се среќаваат во практиката.

Слушателите покренаа повеќе прашања и во врска со наставата по историја, односно сите се заложија наставата по историја во образованието да има општо југословенска програма.

Ќирко ТРПКОВСКИ